# Што е принцип на партнерство?

Учеството на граѓанските организации во комитетите за мониторинг, комитетите за евалуација и селекција на проекти како и во други одделенија одговорни за предлагање, изготвување и анализирање на проекти, ќе води кон поголема транспарентност и одговорност на институциите. Мали се шансите за корупција кога има силна контрола од граѓанскиот сектор.

IPA mechanism

Овој документ е продуциран со финансиска подршка од Европската Унија. За содржината на овој документ целосно одговара Еко-свест и во никој случај не ги рефлектира ставовите на Европската Унија.

# ВОВЕД

Република Македонија е корисник на фондовите на ЕУ од 1996 година преку различни програми. Со воспоставувањето на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) во 2007 година, Македонија, како земја кандидат, се квалификуваше за користење на сите пет компоненти на оваа програма. Споредено со претходни инструменти, ИПА бара поголема вклученост од националните власти, бидејќи треба да ја подготви земјата за членство во ЕУ. Следствено, нивото на сопственост за ИПА во споредба со претходните инструменти за помош од ЕУ треба значително да се зајакне, особено бидејќи управувањето со сите ИПА компоненти треба да им се додели на националните власти.

Досегашното искуство укажува на тоа дека во спроведувањето на ИПА недостига транспарентност и вклучување на други релевантни засегнати страни во мониторингот на фондовите на ЕУ. Актуелните трендови на ниво на ЕУ бараат поголемо вклучување на националните парламенти (како што е наведено со промените воведени со Лисабонскиот договор во 2009 година), граѓанските организации, универзитетите, професионалните здруженија, синдикатите итн во овие процеси.

## Зошто е важен принципот на партнерство во ЕУ?



**Принципот на партнерство како дел од Кохезионата политика има цел да овозможи сеопфатно и навремено (рано) вклучување на сите засегнати страни во планирањето, примената, следењето и евалуацијата на средствата на ЕУ.**

Ваквото вклучување и ангажирање овозможува разни бенефиции и додадена вредност како што се зајакнување на колективната посветеност и сопственост на политиките на ЕУ и инвестиции, поголемо знаење, стручност и ставови во развивањето на проект(и) и при нивниот избор, ефикасна имплементација на проекти како и обезбедување поголема транспарентност во процесот на одлучување и спречување на измами и злоупотреба на парите на даночните обврзници.

1. Широка вклученост на сите засегнати страни води до јасни цели кои ги прават програмите поодржливи и ефективни.
2. Подобро информирани кандидати значи подобри апликации.
3. Ако се менаџира соодветно, партнерството го подобрува демократскиот процес на донесување одлуки.
4. Партнерството може да ги поврзе различните програми за финансирање.
5. Транспарентноста, отвореноста и спречувањето на злоупотребата и корупцијата во процесот на избор на проекти овозможуваат успешно спроведување на програмите.
6. Партнерството води кон подобра апсорпција на средствата.

Предлогот на Европската комисија за нова законска рамка за Кохезионата политика предвидува, според членот 5 од заедничките одредби/ регулативи, воведување на тнр. „Европски кодекс на партнерско однесување (ECCP)". Овој Кодекс, предвиден со Законот за делегирање и усвоен од Европската комисија во месец јануари 2013 година, треба да им даде насоки на земјите членки и да ги промовира најдобрите пракси од партнерството во однос на вклучувањето на партнерите и дијалог со креаторите на политики;

постапката за нивен избор; пристап до информации, временски рамки и плански документи; извештаи од консултации и улогата на партнерите како и додадената вредност во рамките на програмирањето; и флексибилност на конкретни постапки во комбинација со обврските за обезбедување транспарентен и партиципативен процес (заедно со известување за преземените активности во овој смисол). Така што, целта на Кодексот е решавање на една од главните слабости карактеристична за актуелната примена на принципот на партнерство – различни начини на постапување и квалитет во вклучувањето на разни земји членки што често доведува до партнерства со ниски стандарди и квалитет.

## КОДЕКСОТ:

**1.** Поставува минимални барања за високо квалитетно партнерство (делегиран чин):
- Дефинира кои партнери ќе бидат вклучени и специфичностите на процесот на селекција
- Задолжително известување за консултации и разгледување на доставените мислења
- Ја нагласува одговорноста на земјите- членки да обезбедат транспарентно и инклузивно програмирање

**2.** Вклученост на партнерите во подготовката на Договорите за партнерство - кои се консултирани со сите засегнати страни во секоја фаза

**3.** Вклученост на партнерите во подготовката на оперативните програми

**4.** Правила за членство и интерни процедури на комитетите за мониторинг

**5.** Пристап до информации и документи

**6.** Временска рамка на програмирање

**7.** Улогата на Европската комисија во промовирањето на добрите практики

Земјите членки на различен начин и интензитет го толкуваат и применуваат принципот на партнерство па поради тоа различни земји имаат различни искуства, зависно од прашањето. Во овој момент (а ова особено се однесува на земјите од Централна и Источна Европа), општо земено,принципот на партнерство не се применува на начин кој ќе овозможи остварување на неговата цел, првенствено постигнување на сеопфатно програмирање и планирање, вклучувајќи ги тука потребите и знаењето од сите потенцијално засегнати страни, доследното вклучување на граѓанското општество во процесот на донесување политички одлуки и отвореност и транспарентност во програмирањето и имплементацијата.

## За какво програмирање станува збор?

**„Програмирање значи користење на административен механизам со цел реализирање на целите на структурните и кохезиони фондови. Повеќегодишните програми (уште познати и како оперативни програми) обезбедуваат доследност и континуитет во период од седум години. Програмите се однесуваат на конкретни географски подрачја, на национално или под-национално ниво, зависно од поставеноста.**

Целите на програмата се утврдување на стратешките приоритети и индикативни активности, осврт на распределбата на финансиските средства и резимирање на системите за контрола и управување. Сегашниот програмски период се одвива од 2007 до 2013 година". Иако програмирањето е фиксирано за период од седум години, има неколку чекори од процесот на програмирање кои траат повеќе од седум години. Сепак, за истите не се единствено надлежни земјите членки или кандидатките туку понекогаш тоа е Европската комисија (на пример: ex-post евалуацијата).

Најпрвин се започнува со планирање и со претходна (ex-ante) проценка на програмските документи и тоа две-три години пред првата година од конкретниот период. Потоа се врши имплементација и мониторинг кои продолжуваат низ целиот седумгодишен (а може да траат и потоа бидејќи парите се трошат во подолг рок, но обично се однесуваат на период од седум години). По ова следи ex-post (последователната) евалуација која се прави обично кога периодот ќе заврши.




Врз основа на главната дефиниција за партнерство од членот 11 од Регулативата за структурни фондови[4] во текот на сите овие чекори право да бидат дел од програмирањето имаат широк спектар на чинители.

## Како да се вклучиш?

| | |
|---|---|
| 1 | Националнистратешки документи |
| 2 | Национални развојни планови |
| 3 | Секторски оперативни програми |
| 4 | Акциони планови |
| 5 | Евалуација |
| 6 | Мониторинг и имплементација |

**Сите граѓани имаат еднакво право да се вклучат и влијаат во процесите на програмирање, имплементација и мониторинг на ЕУ фондовите.**

Сите претставници на граѓанските организации во комитетите за мониторинг имаат право на глас. Повеќето од нив се претставници на некоја граѓанска платформа и се избрани на транспарентен начин, со гласање.

Повеќето претставници чувствуваат дека постои силна централизација од страна на владата. Владата одлучуваше за централизирањето на задачите и обврските на посредничките организации без консултации со јавноста. Според мислењето на претставници, комитетите за мониторинг ја немаат реалната улога во имплементацијата или надзорот на оперативните програми; наместо тоа, на комитетите им се даваат само кратки информации а важните одлуки се донесуваат на друго место. Не постои експертска група која би промовирала професионална ефикасност и ефективност. Членовите се потпираат на информации кои им ги дава владата па затоа не постои реална дискусија и претставниците од граѓанскиот сектор искажаа фрустрации во однос на повеќе прашања. ЕУ исто така потврди дека владата не дава доволно информации, но сепак и понатаму нема некои позначителни промени во овој смисол.
Присуството на претставници од граѓанските организации во комитетите за мониторинг е многу важно првенствено од аспект на извор на информации (особено ако во процесот се бараат дополнителни информации) и контакти бидејќи тие имаат релативно мало влијание на реалната реализација на програмите поради слабите капацитети и статусот на малцинство кај членови, без разлика што имаат права на глас.

## Некои поуки и препораки:

- Граѓанските организации треба активно да бараат да бидат вклучени во телата кои ги изготвуваат програмските документи, како на национално така и на регионално ниво. Може да се повикаат на законските основи кои го овозможуваат тоа право;
- Граѓанските организации треба да бараат стратешки партнерства и да се организираат во коалиции;
- Невладините организации треба да доставуваат квалитетни информации до властите на земјата како и до Европската комисија;
- Граѓанските организации треба да овозможат распределба на ресурси (човечки и финансиски) за да можат да учествуваат во програмирањето;
- Ако се вклучени во процесот, невладините организации мора да инсистираат на тоа да имаат полноправно право на глас;
- Граѓанските организации треба да очекуваат протокот на информации да биде нередовен, а времето кое им е дадено за консултации да е кратко. За да се избегне ова, невладините организации може да размислат своите поважни барања да ги подготват однапред.
- Рамката за процесот ќе биде утврдена со законската рамка за да може да се применат правилата на тој процес.
- Во рамките на процесот ќе има доволно време од доставувањето на коментари до изготвувањето на нацрт текстови (најмалку две недели или повеќе, зависно од тоа за колку обемна документација станува збор) со цел партнерите да не бидат под притисок од кратки рокови.
- Документите за состаноците на работните групи и комитети ќе бидат доставени најмалку 10 работни дена однапред со цел партнерите да имаат доволно време за нивна подготовка.

Буџетот на ЕУ има важна улога како инструмент за добивање на предност во креирање на политиките, политичка и финансиска смисла: дури и мала сума на пари може да има значително влијание со тоа што ќе бидат проследени со услови кои доведуваат до промени во креирањето на националните политики. (European Commission: Mid-term revision of the EU budget 2014-2020, September 2016)

Проектот ИПА 2 Механизам за граѓанските организации е спроведуван од ЕВРОТИНК, Еко-свест, Реактор и Зенит.

Проектот е финансиран од Европската унија